РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02-1797/3
13.10 2021 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 10 и точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет - Скопје, по предлог, бр. 02-1797/2 од 30.09.2021 година, на седницата одржана на 06.10.2021 год., донесе

## О Д Л У К А

1. На студентите запишани на студиските програми од прв циклус академски студии по информатика и прв циклус професионални студии по информатички технологии, им се продолжува рокот за дипломирање до 30 септември 2022 година.

2. Студентот кој нема да ги заврши студиите во рокот утврден во став 1 на оваа одлука го губи правото на понатамошно студирање на наведените студиски програми, односно му престанува статусот на студент на Природно-математичкиот факултет - Скопје.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, врз основа на член 68, став 1, точка 10 и точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019), на седницата одржана на 17.09.2020 година, заради продолжување на рокот за завршување на студиите по студиските програми од прв циклус академски студии по информатика и прв циклус професионални студии по информатички технологии и неможноста за премин на нова студиска програма, како и заради утврдување распоред на работни задачи, на наставниците и соработниците, во академската 2021/2022 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Александар Скепаровски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Северна Македонија, ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Продеканот за наставни и студентски прашања;
- Одделение за студентски прашања;
- Деканатско досие
- Студиски програми по информатика и информатички технологии;
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

- Изработил: Јадранка Стојчевска
- Одобрил: Васка Маневска